



# Во кожата на другиот

НАСТАВНИК РЕАЛИЗАТОР:
АНИТА АНГЕЛОВСКА, ОУ „КРСТЕ МИСИРКОВ“ – СКОПЈЕ

**Одделение и предмет**
Осмо одделение (24 ученици од мак. јаз.)
Граѓанско образование

**Тема од наставната програма**
Човекот, човековите права и одговорности

**Преглед на активноста**
Учениците преку покажување на фотографии и дадени примери на ставови од секојдневниот живот ги препознаваат предрасудите и стереотипите кај себеси и другите и дискутираат за тоа какви ставови се тие, кои се причините поради кои тие се јавуваат и какви чувства предизвикуваат. Учениците преку играње улоги на лица кон кои имаат предрасуди во македонското општество учат како да ги надминат. На крај, учениците ги споделуваат искуствата од играњето улоги, дискутираат за негативните последици од стереотипите и предрасудите и даваат идеи за тоа што може да се преземе за да се намалат овие појави и луѓето да се однесуваат со почит и прифаќање на разликите







Through Innovation to a Better Integration

Festival of Innovative Practices
for Interethnic Integration in Education